Свет

## ПО ТУРСКИТЕ ВОНРЕДНИ ИЗБ
## КОНФРОНТАЦИЈАТА МЕЃУ ИС

# ТУРЦИЈА НА КР

**На вонредните парламентарни избори во Турција победи исламистичката Партија на правото и развојот на премиерот Таип Реџеп Ердоган, која освои 340 од вкупно 550 пратеници во Парламентот. Републиканската народна партија освои 110 пратенички места, а Партијата на националната акција 72 пратеника. Прв пат во Парламентот ќе има и 24 пратеници од партијата на Курдите, кои со години се борат за сопствена држава.**

**Премиерот Реџеп Таип Ердоган нема услови за евентуална промена на турскиот Устав, со кој се гарантира секуларниот карактер на државата уште од времето на реформите на Кемал Ататурк. Голема поддршка доби од руралните средини на 70-милионската држава, каде особено се чувствуваат економските промени кои ги донесе неговото досегашно владеење.**

**Иако членка на НАТО, сепак Турција не дозволи користење на своите воени бази за извршување на воената интервенција против Ирак, со што повторно ги стави под сомневање своите наводни секуларистички определби, со кои настојува низ иглени уши да влезе во Европската унија.**



Пишува: **Драги ИВАНОВСКИ**



ЕРДОГАН ВО СЕНКАТА НА АТАТУРК

На вонредно одржаните парламентарни избори во Турција, кои следуваа по неуспехот на актуелниот премиер и лидер на Партијата на правото и развојот, Реџеп Таип Ердоган, да го доведе својот досегашен министер за надворешни работи Абдула Ѓул на функцијата претседател на Републиката, се покажа дека оваа голема и влијателна држава и натаму ќе се соочува со борбата за превласт меѓу исламистичките сили и оние кои се борат за зачувување на секуларниот карактер на државата и за остварување на идеалите на таткото на нацијата - Мустафа Кемал Паша Ататурк од 1929 година. Резултатите од овие избори покажаа дека убедливата победа на Реџеп Таип Ердоган не е доволна за остварување на намерите за промена на Уставот, кои ќе значат отстранување на моќните армиски кругови од политичкото одлучување и раководење со државата. Мнозинството на владејачката партија е евидентно и таа може да се надева дека ќе успее да го протурка својот досегашен кандидат Абдула Ѓул или некој друг на претседателската функција, но со тоа нема да ги оствари планираните намери.

Како што е познато, изборите беа распишани откако турската армија се закани со државен удар ако на таа престижна функција биде избран Абдула Ѓул, што се разбираше како уште еден удар за промена на секуларното уредување на оваа муслиманска земја.

Стравувањата на армиските кругови дека исламистичката партија на Реџеп Таип Ердоган, наспроти прокламираните реформски определби кои, главно, беа поврзани и со задачите кои произлегуваа од почнатите преговори за влегување во Европската унија, дека ќе продолжи да ги спроведува промените кои всушност се против секуларниот карактер на државата и натаму остануваат. Имено, градоначалници на актуелната партија на власт забрануваат пиење алкохол и организирање коцкање, се протежира носењето шамии кај жените, што посредно води кон постепени промени, кои подоцна би значеле демонтажа на целиот досегашен систем и навлегување на Шеријатското право во сите институции на државата.

Тоа значи дека во Турција и натаму

## ОРИ И НАТАМУ ПРОДОЛЖУВА ЛАМИСТИТЕ И СЕКУЛАРИСТИТЕ

# СТОПАТ!

ќе продолжи борбата за превласт меѓу исламистите и оние кои припадноста на верата не ја сметаат како решавачки фактор во управувањето со државата.

На таков начин повторно се загрозуваат надежите дека еден ден оваа 70-милионска држава ќе може да влезе и во Европската унија, во која и натаму има големи противници, пред сѐ, Франција и Германија, кои сметаат дека на тој начин европските држави би биле преплавени со турско муслиманско население, во време кога во глобални рамки се води борба против исламскиот фундаментализам и милитаризам и неговото влијание.

Последните резултати од истрагата на лондонската полиција во поглед на осуетениот обид за организирање на најновите терористички акти покажаа дека како сторители на тие дела се јавуваат и лица кои им припаѓаат на интелектуалните средини - лекари, наставници и сл., што се изненадувачки резултати, кои беа во спротивност со досегашното мислење дека Ал каида и другите исламистички терористички групи своите членови ги регрутираат кај недоволно оформени млади лица на кои полесно им се мијат мозоците со џихадот и со потребата од саможртвување во борбата за ширење на Исламот.

Во оваа смисла, претседателот на Европската комисија, Жозе Мануел Баросо, по одржаните избори, потенцираше дека Турција не е подготвена за влез во Европската унија.

"Да бидеме искрени, Турција не е подготвена да стане членка на ЕУ, а Унијата не е подготвена да ја прими Турција за членка", изјави Баросо.

Се чини дека тоа не е само поради прекинатите преговори за влез во Унијата откако Турција одби да се нормализира трговијата со од никого непризнатата држава "Турска Република Северен Кипар" и покрај влегувањето на Кипар во ЕУ. Според сѐ она што се одвива во редовите на ЕУ во поглед на нејзиното натамошно проширување, кога се зборува за конечните граници на оваа заедница, тешко е да се очекува донесување на одлука за влегување на Турција во ЕУ, бидејќи таа сѐ повеќе се прокламира како заедница на христијанските држави, во која не ѝ е местото на една Турција, особено ако во неа нараснуваат силите на исламскиот фундаментализам.

Од овој аспект, без оглед на влегувањето на 24 пратеници Курди во Парламентот, Турција сѐ уште не е подготвена да ги прифати европските стандарди во поглед на правата на националните малцинства на своја територија, што особено се однесува на Курдите чија левичарска партија ПКК е организирана на герилски принципи и води војна за создавање сопствена држава, што автоматски значи и отцепување на дел од територијата на Турција. Во последно време се говореше и за натрупување на големи ефективи на турската армија на границата со Ирак и преземање воена акција против базите на ПКК на ирачка територија, од каде се преземале напади врз турските полициски станици и воени инсталации, што нема да биде дозволено од страна САД, кои се обидуваат на секаков начин да ја пацифизираат ситуацијата во Ирак. Во оваа смисла, треба да се каже дека Турција под власта на Ердоган, иако е членка на НАТО, не дозволи користење на своите воени бази при воената интервенција против режимот на Садам Хусеин што, исто така, ги подгрева сомневањата за вистинскиот карактер на владеењето на Партијата на правото и развојот на Реџеп Таип Ердоган.


